**Известување за концентрација**
**со која ПХЦ Холдингс Цорпоратион Јапонија ќе стекне контрола над друштвото Катама Лтд. - Katama, Ltd. Кајмански острови (предмет бр. 08-37/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 04.03.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ПХЦ Холдингс Цорпоратион (со претходен назив: Панасониц Хеалтхцаре Цо. Лтд.), со седиште на адреса 2-38-5 Нишишимбаши, Минато-ку, 105-8433, Токио, Јапонија, друштво кое е крајно контролирано од инвестиционите фондови управувани или советувани од страна на зависни друштва на ККР и Цо., Инц., со седиште на адреса 9 Вест 57ма улица, објект 4200, Њу Јорк, ЊЈ 10019, САД ќе го стекне одделот за анатомска патологија на Термо Фишер Сциентифиц Инц., со седиште на адреса 168 Трета авенија, 024561, Валтам, САД преку стекнување на 100% од директното зависно друштво на Термо Фишер Сциентифиц Инц., друштвото Катама Лтд., со седиште на адреса Интертруст Цорпорате Сервицес (Кајман) Лимитед, 190 Елгин Авенија, Џорџ Таун, KY1-9005, Голем Кајман, Кајмански Острови.

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**ПХЦ Холдингс Цорпоратион** развива, произведува продава здравствени уреди и услуги. Најмногу е активна во производство и продажба на материјали за испитување за дијабетес, кое се состои од уреди за мерење на шеќер во крв/системи за следење и поврзани потрошни материјали кои генерално се купуваат и користат директно од пациенти за следење на дијабетесот и другите животни болести. Друштвото исто така произведува лабораториска опрема како замрзнувачи/ладилници, инкубатори и автоклави за стерилизација. Во врска со животните науки, друштвото произведува опрема и услуги потребни за целосна презервација на примерокот и бактериската/клеточната култура како и одржување на чиста амбиентална средина. ПХЦ Холдингс Цорпоратион е крајно контролиран од ККР и Цо..

**ККР и Цо.** е глобална инвестициска фирма која нуди широк спектар на алтернативни услуги за управување со средства за јавни и приватни инвеститори на пазарот и исто така обезбедува решенија за капиталните пазари за фирми, неговите портфолио друштва и клиенти. ККР и Цо. е присутен на пазарот во Република Македонија преку своите зависни друштва и тоа: **Тотал ТВ Скопје ДОО**, друштво со ограничена одговорност со адреса на ул. Даме Груев бр. 3, 1000 Скопје, Македонија, активна во дистрибуција на ТВ и радио канали преку сателит на потрошувачи во Македонија и потрошувачи од други држави во регионот (Србија, Црна Гора, Хрватска и др.), и **Дирецт Медиа ДООЕЛ Скопје**, друштво со ограничена одговорност со седиште на ул. Орце Николов 68-3, Скопје-Центар и регистрирана деловна дејност маркетинг и маркетинг услуги.

**Катама Лтд.** е ново основана компанија во Кајманските Острови која ги опфаќа бројните активности во полето на анатомска патологија, кои претходно го сочинуваа Одделот за Анатомска Патологија на Термо Фишер. Катама Лтд. нема

регистрирано зависни друштва, подружници или претставништва во Република Македонија.

3. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

4. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.03.2019 година
Скопје